**20211752894**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 101 став (5) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија” бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19, 244/19, 275/19 и 110/21) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 30 јули 2021 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ВИДОТ НА АКТИВНОСТИ, МАКСИМАЛНИОТ ИЗНОС ПО АКТИВНОСТИ, КОРИСНИЦИТЕ, СУБЈЕКТИТЕ КОИ УЧЕСТВУВААТ ВО ПОСТАПКАТА, ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ И НАЧИНОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКАТА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

Член 1

Во Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.208/19, 236/19 и 53/21), во членот 5 став (1) во алинејата 8 сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со запирка.

Во алинејата 9 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и“.

По алинејата 9 се додава нова алинеја 10 која гласи:

„- трошоци за ангажман на лица за промоција на вино и други производи од винско грозје на социјалните мрежи (вински инфлуенсери).“

По ставот (9) се додава нов став (10) кој гласи:

„(10) Максималниот износ за техничката поддршка од став (1) алинеја 10 на овој член изнесува 100% од вредноста на трошоците, но не повеќе од 300.000 денари по корисник согласно средствата обезбедени во Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој.“

Ставот (10) станува став (11).

Во ставот (11), кој станува став (12), по зборовите „на овој член се“ се додаваат зборовите „физички и“.

Ставовите (12) и (13) стануваат ставови (13) и (14).

По ставот (14) кој станува став (15) се додава нов став (16) кој гласи:

„(16) Корисници на техничката поддршка од став (1) алинеја 10 на овој член се физички и правни лица кои имаат регистриран преработувачки капацитет за производство на вино на помалку од 50.000 литри годишно во Регистарот на производители на вино согласно Законот за вино, а субјекти кои може да учествуваат во постапката за доделување на средствата за техничка поддршка од ставот (1) алинеја 10 на овој член, се физички лица кои се активни во онлајн промоција.”.

Член 2

Во членот 11 во ставот (1) зборовите „алинеја 4“ се заменуваат со зборовите „алинеи 4 и 10“.

Член 3

Во членот 12 во ставот (1) зборовите „алинеи 4, 7, 8 и 9“ се заменуваат со зборовите „алинеи 4, 7, 8, 9 и 10“.

По ставот (11) се додава нов став (12) кој гласи:

„(12) За техничката поддршка од член 5 став (1) алинеја 10 од оваа уредба субјектите поднесуваат предлог за користење на техничка поддршка која содржи:

- план на активности со временска рамка за реализација од најмалку шест месеци,
- изјава дека прифатливите трошоци за реализација на активностите кои се предмет на поддршка не се финансирани од друга институција или од корисниците на оваа мерка,
- доказ за најмалку 10.000 следбеници на личните профили на социјалните мрежи,
- доказ за искуство од најмалку две години во онлајн промоција на вино и производи од винско грозје,
- изјави за согласност за промоција на вино и производи од винско грозје на социјалните мрежи од најмалку десет корисници и
- копија од склучен договор за дело направен со правен субјект регистриран за услуги од областа на авторското право и индустриската сопственост.“

Член 4

Во членот 13 по ставот (4) се додава нов став (5) кој гласи:

„(5) Изборот на предлозите по намената од член 5 став (1) алинеја 10 на оваа уредба ќе се изврши врз основа на евалуација на исполнување на следните критериуми со бодови:

| Критериуми | Бодови | |
|---|---|---|
| 1 | Доколку поседува формално образование од областа на производство на вино и/или неформално образование од областа на сомелиерството и послужување на вино – домашна или меѓународна диплома/сертификат | 15 |
| 2 | Бодување според вкупен број на следбеници на социјалните мрежи: | Максимален број на бодови: 40 |
| | - од 1 до 10.000 следбеници | 5 |
| | - од 10.001 до 15.000 следбеници | 10 |
| | - од 15.001 до 20.000 следбеници | 20 |
| | - од 20.001 до 25.000 следбеници | 30 |
| | - над 25.001 следбеници | 40 |
| 3 | Вклученост на број на корисници (винарии) | Максимален број на бодови: 30 |
| | - од 1 до 10 корисници | 10 |
| | - од 11 до 20 корисници | 20 |
| | - од 21 до 40 корисници | 30 |
| 4 | Претходно искуство во реализација на активностите од значење за целната група на крајни корисници на поддршка | 15 |
| | ВКУПНО | 100 |

“.

Ставот (5) станува став (6).

Во ставот (6) кој станува став (7) зборовите „и (5)“ се заменуваат со зборовите „(5) и (6)“.

Ставовите (7), (8), (9) и (10) стануваат ставови (8), (9), (10) и (11).

Член 5

Во членот 14 во ставот (1) по зборовите „по корисници“ се додаваат зборовите „и субјекти“.

По ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:

„(4) По исклучок од ставот (1) на овој член, исплатата на техничката поддршка по субјекти за намените од член 5 став (1) алинеја 10 на оваа уредба може да се врши двократно и тоа авансно 50% од одобрениот износ, а исплатата на останатите 50% од одобрениот износ по завршување на активноста и по доставување на извештајот од ставот (1) на овој член.“.

Член 6

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-7564/1
30 јули 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.